Република Северна Македонија
Општина Кавадарци

[redacted]

Арх.Бр. 04-3970/ 9

Дата 22.07.2025 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail:
opshtina@kavadarci.gov.mk

Врз основа на член 48, член 52 и член 53 од Законот за административни службеници ( “Сл. весник на Р.М.” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и “Сл. весник на Р.С.М.” бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (“Сл. весник на РСМ” бр.259/24),

Секретарот на Општина Кавадарци, донесе

## **О Д Л У К А**
### **за избор на кандидат за унапредување**

I. Во врска со интерниот оглас бр.06/2025 за унапредување на административни службеници во Општина Кавадарци, објавен на ден 11.07.2025 година на интернет страниците на Агенцијата за администрација и на Општина Кавадарци,
за работно место- со шифра **УПР 01 01 В01 000 Советник за култура и јавни настани, Одделение за култура и јавни настани, Сектор за јавни дејности и култура................................. 1 (еден) извршител**,

СЕ ИЗБИРА кандидатот **ВЕСНА ЗИМОСКА.**

II. Одлуката за избор за унапредување се објавува на интернет страницата на Општина Кавадарци.

### **О б р а з л о ж е н и е**

Во член 48, член 49, член 50, член 51 и член 52 од Законот за административни службеници ( “Сл. весник на Р.М.” бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и “Сл. весник на Р.С.М.” бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), предвидена е постапка за унапредување на административни службеници врз основа на објавен интерен оглас.

Согласно Правилник за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција, во зависност од категоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас (“Сл. весник на РСМ” бр.259/24), Општина Кавадарци во електронска форма на интернет страницата на Општина Кавадарци и на Агенцијата за администрација на ден 11.07.2025 година објави интерен оглас број 06/2025.

Врз основа на објавениот интерен оглас бр.06/2025 за унапредување на административни службеници во општина Кавадарци за работното место со шифра УПР 01 01 В01 000 Советник за култура и јавни настани, Одделение за култура и јавни настани, Сектор за јавни дејности и култура................................ 1 (еден) извршител, со решение бр.04-

[redacted]

3970/6 од 16.07.2025 година формирана е Комисија за селекција за унапредување на административен службеник во општина Кавадарци.

Комисијата за селекција за унапредување, согласно записникот бр.04-3970/7 од 18.07.2025 година за административна селекција за интерен оглас и записникот бр.04-3970/8 од 18.07.2025 година за спроведување на интервју, изготви финална ранг листа и до Секретарот на Општина Кавадарци достави предлог одлука од интервјуираниот кандидат за работното место Советник за култура и јавни настани, Одделение за култура и јавни настани, Сектор за јавни дејности и култура.

Согласно член 52, став (1) од Законот за административни службеници ( "Сл. весник на Р.М." бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, и 11/18 и "Сл. весник на Р.С.М." бр.275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), по добивањето на предлогот за прворангираниот кандидат одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против одлуката за избор, незадоволниот кандидат има право во рок од осум дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

Арх.Бр. 04-3970/

Дата:__.__.2025 год.
Кавадарци

Република Северна Македонија Општина Кавадарци

Плоштад Маршал Тито б.б.
1430 Кавадарци,
Република Северна Македонија Тел. 043/416-130 Факс 043/416-130
e-mail: opshtina@kavadarci.gov.mk

Изработил: Флорина Делова
Контролирал: Кристина Чејкова
Одобрил:Надица Алексова

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Секретар**
**Тодор Ефремов**